**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ИНСТИТУТ ЗА ДУХОВНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА АЛБАНЦИТЕ-СКОПЈЕ**

# Б И Л Т Е Н

## НА

## ИНСТИТУТОТ ЗА ДУХОВНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА АЛБАНЦИТЕ - СКОПЈЕ

**Број 13**

**ISSN 2545-4811** (печатено издание)
**ISSN 2545-4846** (електронско издание)

**Скопје, 6 јули 2020 година**

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО ЈУЛИ 2016 ГОДИНА

***Издавач*:**
**ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје**
Ул. Илинденска бб, 1000 Скопје

***За издавачот:***
**Д-р Скендер Асани, директор**

***Уредник на издавачката дејност:***
**Д-р Севдаиљ Демири**

***Уредник на Билтенот:***
**Д-р Сефер Тахири**

***Лектор:***
**Проф. Јорданка Шемко**

 ISSN 2545-4846

Бр. 1003-227/1
Дт. 25.07.2017, Скопје
Скопје

Предмет: Материјали за објавување во Билтен

Согласно Законот за научно истражувачка дејност и член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012) и согласно одлуката на Советот на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците за објавување на билтенот со број 0201-74/3, на веб-страницата на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците, ќе се објавуваат рефератите за избор во научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми и рецензиите на учебници.

Потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во овој Билтен, благовремено да се доставуваат и во електронска форма (kontakt@itsh.edu.mk, sefertahiri@gmail.com), како Microsoft Word 2003 doc. во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт Georgia.

Истата содржина на Билтенот се ажурира и во печатена и во електронска форма, регистрирана со број во системот на ISSN (International Standard Serial Number)- Меѓународен стандарден број за сериски и тековни публикации кој овозможува идентификација и контрола на сите извори во континуитет издадени на национално и интернационално ниво.

 ISSN 2545-4846

- ❖ **Содржина на Билтен број 13, од 6 јули 2020 година:**
- ❖ **Përmbajtja e Buletinit numër 13, të datës 6 korrik 2020:**


- ➢ ПРАВИЛНИК за утврдување на критериуми за избор во соработничко и научно звање во ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје ........................................................................... стр. 5
- ➢ РЕФЕРАТ за избор на виш научен соработник во одделот за Етнологија, историја на уметноста и на народната архитектура (д-р Ермаљ Мемети) .................................................................................................................. стр. 14
- ➢ ПРЕГЛЕД на прифатени теми за магистерски труд (Афед Јашари, Арбер Шаќири) ........................................................................................... стр. 29

- ✓ RREGULLORE për vërtetimin e kritereve për zgjedhje në thirrje bashkëpunëtore dhe shkencore në IPSH Instituti i Trashëgimisë Shpirtërore dhe Kulturore të Shqiptarëve – Shkup ........................................................................... fq. 35
- ✓ REFERAT për zgjedhje në thirrjen bashkëpunëtor i lartë shkencor në departamentin e Etnologjisë, Historisë së Artit dhe Arkitekturës Popullore (Dr.Ermal Memeti) ........................................................................... fq. 44
- ✓ PASQYRË e temave të pranuara për punimin e magjistraturës (Afed Jashari, Arbër Shaqiri) ........................................................................................ fq. 59

 ISSN 2545-4846

Врз основа на Статутот на ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје, а во врска со потребата за определување на критериуми за избор во научни звања, согласно Правилникот за постапката и поблиските критериуми за предвремен избор во научни звања („Службен весник на РМ“ бр. 82/09), Советот на ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје на 160-та седница, одржана на 17.6.2020 година усвои:

# ПРАВИЛНИК

## за утврдување на критериуми за избор во соработничко и научно звање во ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје

### Член 1

Со овој правилник се утврдуваат критериумите за избор во научно звање и предвремен избор во научно звање за истражувачите кои звањето го добиваат во ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје (во натамошниот текст Институтот).

Овој Правилник ќе се применува на ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје.

Составен дел од овој Правилник е Табелата број 1 (за минимален број на поени за избор во звање), Табелата број 2 (Научноистражувачка и наставнонаучна дејност) и Табелата број 3 (Стручноапликативна дејност).

### Член 2

Истражувачите во субјектите за вршење на научноистражувачка дејност се избираат во соработнички и научни звања.

Соработнички звања се: помлад асистент - истражувач и асистент - истражувач.

Научни звања се: научен соработник, виш научен соработник и научен советник.

### Член 3

На Институтот преку јавен конкурс можат да се избираат асистенти - истражувачи за потребите на научноистражувачката дејност.

Помлад асистент - истражувач може да биде лице кое има завршено додипломски студии со висок успех, додека асистентите - истражувачи треба да бидат магистри на науки.

Асистентите - истражувачи учествуваат во научноистражувачката дејност во обем определен од страна на Советот и директорот на Институтот.

Институтот и асистентот - истражувач склучуваат договор со кој ги уредуваат меѓусебните права и обврски.

## Член 4

Научен соработник може да биде лице кое има научен степен доктор на науки од подрачјето за кое се избира, објавени научни трудови, односно постигнувања во примена на научноистражувачки резултати.

Виш научен соработник може да биде лице кое има научен степен доктор на науки од подрачјето за кое се избира, повеќе рецензирани научни трудови објавени самостојно или во соработка со други автори, учество во научноистражувачки проекти и има значајни постигнувања во примената на научноистражувачките резултати и придонес во оспособувањето на научноистражувачки кадри.

Научен советник може да биде лице кое има научен степен доктор на науки од подрачјето за кое се избира, повеќе рецензирани научни трудови објавени самостојно или во соработка со други автори кои имаат значајно влијание во развојот на науката и
практиката, да бил главен истражувач или има значаен придонес во реализирањето на програмите и проектите и во оспособувањето на научноистражувачки кадри.

При изборот или реизборот во повисоко, односно исто научно звање предвид се земаат објавени научни трудови во научни списанија, монографии, учества на меѓународни проекти, конференции и собири, постигнати резултати и придонес во создавањето млади научноистражувачки кадри во времето од последниот избор.

На истражувач во јавна научна установа кој ќе објави научен или стручен труд во најпрестижни меѓународни списанија со импакт-фактор (рангирани според Томсон Ројтерс и Скопус), му се зголемува платата во наредните три години за 20% од платата што ја примал.

Начинот на зголемување на платата од ставот 5 на овој член го пропишува министерот за образование и наука.

 ISSN 2545-4846

## Член 5

За научен соработник, виш научен соработник и научен советник може да биде избрано лице кое, покрај општите услови предвидени во Законот за научно истражувачка дејност, ги исполнува и посебните услови на овој Правилник.

Минималниот број поени за посебните услови што треба да ги оствари лицето за да може да биде избрано во звањата научен соработник, виш научен соработник и научен советник се прикажани во табелата бр. 1.

**Табела 1**

**Минимален број поени за избор во научно звање**

| Звање | Минимален број поени | | Минимален број поени по сите основи |
|---|---|---|---|
| | НИ | СП | |
| Научен соработник | 35 | 5 | 80 |
| Виш научен соработник | 35 | 5 | 80 |
| Научен советник | 35 | 5 | 80 |

## Постапка за избор

## Член 6

Изборот на кандидатите во научни звања, се врши со јавен конкурс, кој го објавува Институтот, по барање на кандидатот, по исполнување на предвидените законски услови.

Изборот на кандидатите во научни звања се врши по пат на јавен конкурс што го објавува субјектот на научноистражувачката дејност.

Конкурс се распишува за сите научни звања.

Стекнувањето на научното звање на избраните истражувачи е постапно.

Постапката за изборот може да трае најмногу шест месеци. Ако таа не заврши во овој рок, постапката се запира и се распишува нов конкурс.

## Член 7

Изборот на кандидатите во научни звања го врши советот на Институтот, врз основа на оцена на рецензентска комисија која тој ја формира по завршувањето на рокот за пријавување на кандидатите.

 ISSN 2545-4846

Членовите на рецензентска комисија се избираат од редот на лица со научни звања од истата или од друга научна односно високообразовна установа.

Рецензентска комисија се состои од најмалку три члена од кои повеќе од половината се лица со научни звања од истото научно подрачје во научната област во која се избира кандидатот, а другите членови се од соодветната научна област.

Членовите на рецензентска комисија не можат да бидат во пониско звање од звањето во кое се избира кандидатот.

Врз принципот на реципроцитет, член на рецензентска комисија, под истите услови определени во овој правилник, може да биде и лице со научно звање од акредитирана високообразовна, односно научна установа во странство со која субјектот на научноистражувачката дејност има склучено спогодба за меѓусебна соработка.

Извештајот од алинеја 6 од овој член содржи биографски податоци за кандидатот, прегледот и оценувањето на неговата стручна работа и оценувањето на исполнувањето на условите за избор во научно звање односно асистент истражувач (соработник).

Рецензентска комисија на советот на институтот поднесува реферат во пишувана форма за сите пријавени кандидати. Рефератот треба да содржи: предлог за избор на кандидатот во звање или предлог за неизбор на ниту еден од пријавените кандидати.

Рецензентска комисија донесува одлука со мнозинство гласови, додека членот на комисијата кој не се согласува со оценката на комисијата може да има издвоени мислење. Ако членот на комисијата има издвоено мислење, тој се потпишува од самиот тој и се приложува кон рефератот и заедно со рефератот со објавува во билтенот на Институтот.

Институтот што врши избор, односно преизбор, е должен да го објави извештајот на рецензентска комисија во Билтен и на интернетската страницата на Институтот најдоцна 15 дена пред денот на изборот.

## Рокови за кои се вршат изборите

## Член 8

Помлад асистент истражувач и асистент истражувач се избира во време од три години.

Научен соработник и виш научен соработник се избираат за време од пет години.

Научен советник се избира во доживотно научно звање, која важи од моментот на изборот во ова звање.

 ISSN 2545-4846

**Избор во звање по истекот на времето за кое е извршен изборот**

**Член 9**

Најдоцна шест месеца пред истекот на времето за кое е извршен изборот во научно звање, директорот на Институтот распишува конкурс за избор во сите научни односно соработнички звања, по барање на кандидатот.

При изборот од ставот 1 на овој член се применуваат одредбите од Законот за научно истражувачка дејност и Правилникот за избор во научни и соработнички звања на Институт.

Времето за распишување на конкурсот од ставот 1 на овој член се продолжува за времето кое е поминато на породилно отсуство, боледување подолго од шест месеца, како и мирување на работниот однос во случаи определени со закон.

**Предвремен избор во повисоко звање**

**Член 10**

Избор во повисоко научно звање може да се врши пред истекот на периодот за кој е извршен изборот, доколку лицето со научно звање ги исполнило условите за избор во повисоко звање и со својата научна работа особено придонело за развојот, односно примената на научната дејност за која е избрано, по истекот на најмалку половина од времето за кое е извршен изборот во постојното звање.

По исклучок од ставот 1 на овој член лице може да биде избрано во повисоко научно звање, доколку има објавено најмалку два научни труда или се цитирани во најпрестижни меѓународни списанија со импакт фактор.

Иницијатива за избор во повисоко звање пред истекот на рокот, може да покрене советот или директорот, по барање на кандидатот.

**Член 11**

Дополнителните критериуми за избор во повисоко научно звање и предвремен избор во научно звање за истражувачите кои звањето го добиваат во Институтот, утврдени во овој Правилник, кои не се опфатени со Правилникот за постапката и поблиските критериуми за предвремен избор во научни звања („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2009), односно 200% повеќе од потребниот минимум на поени соодветствува на критериуми за избор во звања, утврдени врз основа на специфичностите кои произлегуваат од научноистражувачката дејност на истражувачите во областите кои се дел од

 ISSN 2545-4846

секторите на Институтот и дејноста која истражувачите ја вршат во областа на студиите од втор и трет циклус на студии.

**Член 12**

Ако при избор лицето кое претходно било избрано во научно звање биде предложено за избор во повисоко звање и не биде избрано во предложеното повисоко звање, повторно се гласа за избор во постојното звање во кое било претходно избрано.

На лицето кое не е избрано во звање, му престанува работниот однос.

Лицето од ставот 2 на овој член има право на приговор до органот кој одлучува за изборот. Ако приговорот биде одбиен лицето има право на жалба до Советот на Институтот, кој формира комисија од три члена, составена од редовни професори односно научни советници од иста или сродна научна област од која е подносителот на жалбата, од кои најмалку два члена се од друга научна или високообразовна установа. Комисијата поднесува извештај во кој дава оцена за изборот. Одлуката на Советот на Институтот е конечна.

Против конечната одлука може да се поднесе тужба до надлежниот суд.

**Предвремен престанок на изборот**

**Член 13**

Лицето избрано во научно звање е должно постојано научно и стручно да се усовршува и докажува, успешно да ја остварува научната дејност, да придонесува за создавање научен подмладок и да придонесува за развојот, односно примената на научната дејност за која е избрано.

На лицето избрано во научно звање може да му престане работниот однос и пред истекот на времето за кое е избрано, под условите и по постапката уредени со статутот, ако се утврди дека подолго време не ги исполнува обврските од ставот 1 на овој член, ако ги попречува законските и статутарните активности на субјектот на научноистражувачката дејност или ги попречува другите членови во остварувањето на нивните права и извршувањето на должностите во субјектите, ако престанале да постојат основните услови врз основа на кои е извршен изборот и ако сторило кривично дело во врска со вршењето на научноистражувачката дејност.

Одлука за престанок на изборот и работниот однос пред истекот на времето за кое е избрано лицето во научно звање донесува Советот на Институтот, врз основа на извештај составен од тројца научни советници, односно редовни професори.

 ISSN 2545-4846

Лицето од ставот 1 на овој член има право на приговор до Советот на Институтот. Одлуката на Советот е конечна.

Против конечната одлука може да се поднесе тужба до надлежниот суд.

## Член 14

Образецот за одредување на вкупната актива на поени за избор во одредено звање, како дел на оценувачкиот извештај на рецензентска комисија е дел од овој Правилник.

Изборот во научно звање  и предвремен избор во научно звање за истражувачите кои звањето го добиваат во Институтот се врши преку Табела 2- (Научноистражувачка) и табела3 - (Стручноапликативна дејност и дејност од поширок интерес), кои се составен дел од Правилникот.

**Табела 2**

| Реден бр. | Научноистражувачка и наставнонаучна дејност (НИ; НН) | Поени **дом.** | **стран.** |
|---|---|---|---|
| 1. | Монографија[1] | 8 | 12 |
| 2. | Дел од  монографија[2] | 4 | 6 |
| 3. | Труд со оригинални научни резултати објавен во научно/стручно списание | 4 | 6 |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание со меѓународна редакција (со импакт-фактор) | 12 | |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати објавен во зборник од трудови на научен собир | 3 | 4 |
| 6. | Приказ (рецензија) на книга во научно списание | 0,5 | 1 |
| 7. | Апстракт објавен во зборник од национална конференција | 0,5 | 1 |
| 8. | Авторизирана скрипта (мин. 100 стр.) | 3 | 4 |
| 9. | Учество на научен собир со реферат | 1,5 | 3 |
| 10. | Одбранета докторска дисертација | 8 | |
| 11. | Одбранет магистерски труд | 5 | |
| 12. | Раководител на научен проект | 6 | 9 |
| 13 | Учесник во научен проект | 3 | 5 |
| 14. | Научноистражувачки престој, архивско/теренско истражување (мин. 1 седмица) | 2 | 4 |

[1] Монографија е оригинално научно дело.

[2] Првиот автор на монографијата се оценува со 8/12 поени, вториот автор со 6/10, третиот автор со 4/8 итн. Додека во други дела (во следните колумни), во случаи кога имаме повеќе од еден автор, на следниве автори им се одземаат по 1 поен линеарно.

 ISSN 2545-4846

| | | | |
|---|---|---|---|
| 15. | Предавање одржано на официјална покана на научна и образовна институција | 1 | 2 |
| 16. | Визитинг професор | 6 | |
| 17. | Ментор на докторат | 3 | 6 |
| 18. | Коментор на докторат | 2 | 4 |
| 19. | Ментор на магистерска работа | 2 | 4 |
| 20. | Коментор на магистерска работа | 1,5 | 3 |
| 21. | Учество на работилница во рамките на докторските студии | 0,5 | 1 |
| 22. | Член на комисија за подобност на тема и кандидат за докторат | 0,3 | 0,6 |
| 23. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат | 1 | 2 |
| 24. | Член на комисија за подобност на тема и кандидат за магистерска работа | 0,2 | 0,4 |
| 25. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистерска работа | 0,5 | 1 |

*Научен труд може да се признае како да е објавен со потврда од редакцијата на списанието или од зборникот дека е прифатен за објавување.
**Публикациите што немаат CIP - ознака или број не се земаат предвид за вреднување на научниот труд.

**Табела 3**

| Реден бр. | **Стручноапликативна дејност и дејност од поширок интерес** | Поени | |
|---|---|---|---|
| 1. | Главен уредник на научно списание и зборник на трудови | 2 | 4 |
| 2. | Уредник/ член на научно списание и зборник на трудови | 1 | 2 |
| 3. | Претседател на организациски одбор на научен собир | 2 | 4 |
| 4. | Член на организациски одбор на меѓународен научен собир | 1 | 2 |
| 5. | Учество на летни школи/семинари | 1 | 2 |
| 6. | Награди / признанија за научни постигнувања | 2 | 4 |
| 7. | Настава/ предавања на високообразовни институции од прв/ втор/ трет циклус | 0,04/ 0,05/ 0,06 | |
| 8. | Менторска настава на втор циклус (за секој предмет) | 1 | 2 |
| 9. | Менторска настава на трет циклус(за секој предмет) | 2 | 4 |
| 10. | Учество во подготовка на музејска поставка/изложба | 0,5 | 1 |
| 11. | Лектура/превод на научно дело од еден јазик на друг | 1 | |
| 12. | Промотор на монографија | 0,5 | 1 |
| 13. | Модератор и водител на сесија на научна конференција/ трибина | 0.5 | 1 |
| 14. | Учество во промотивни активности на Институтот | 1 | 2 |
| 15. | Уредник на интернетската страницата на Институтот | 1 | |

 ISSN 2545-4846

| | | | |
|---|---|---|---|
| 16. | Учество во работа на комисии за државни натпревари | 0,5 | |
| 17. | Предавања на институции од јавен интерес, културно-информативни центри | 0,5 | 1 |
| 18.[3] | Директор на институт/ декан | 6 | |
| 19. | Претседател на Советот на Институтот | 4 | |
| 20. | Член на Советот на Институтот | 2 | |
| 21. | Научен секретар на Институтот | 4 | |
| 22. | Раководител на Оддел (внатрешна организациона седница) | 3 | |
| 23. | Одговорен за изданијата на Институтот | 3 | |
| 24. | Раководител на група на постдипломски и докторски студии | 2 | |
| 25. | Член на комисии при Институтот (експертски и други активности) | 0,5 | |
| 26. | Член во комисии и тела на државни и други органи | 1 | |
| 27. | Членство во извршно тело на меѓународна организација која подржува/организира научноистражувачка дејност<br>- претседател<br>- член | <br><br>4<br>2 | |
| 28 | Член на комисија за избор во звање | 0,5 | 0,1 |
| 29. | Рецензент на научна монографија | 1 | 2 |
| 30. | Рецензент на научен труд/статија | 0,5 | 1 |

## Член 15

Правилникот влегува во сила и ќе се применува со денот на неговото донесување.

Претседател на Совет
**д-р Севдаиљ Демири**, *с.р.*

[3]Дејностите опишани од точка 18 до 24, се однесуваат за период во кој трае еден мандат.

**Р Е Ф Е Р А Т**

ЗА ИЗБОР НА ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК ВО ОДДЕЛОТ ЗА ЕТНОЛОГИЈА, ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА И НА НАРОДНАТА АРХИТЕКТУРА

Врз основа на објавениот јавен конкурс на ден 4.6.2020 година во дневните весници „Koha“ и „Нова Македонија“ и во веб-страницата (www.itsh.edu.mk), за избор во научно звање на Виш научен соработник во Одделот за етнологија, историја на уметноста и на народната архитектура, Советот на Институтот за духовно културно наследство на Албанците во Скопје, на својата редовна седница со број. 160, одржана на 17.6.2020, донесе одлука бр. 0201-234/2, со која нè избра за членови на рецензентската комисија во состав: проф. д-р Јане Коџабашија – претседател на комисијата, проф. д-р Рубин Земон – член и проф .д-р Сефер Тахири – член.

Заблагодарувајќи се на довербата, по разгледувањето на доставените материјали, на Советот на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје, му го поднесуваме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

Откако Рецензентската комисија ја разгледа доставената документација, констатира дека за избор во звање на Виш научен соработник во Одделот за етнологија, историја на уметноста и народната архитектура, на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје, се пријавил само еден кандидат:

**д-р Ермаљ Мехмети.**

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Ермаљ Мехмети, роден во 1978 година во Скопје, е познат музичар: виолинист, композитор, аранжер, етномузиколог и др. Основно и средно музичко образование завршува во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ во Скопје. Со музичка наобразба продолжува во Тирана, Албанија каде студира и дипломира во Академијата за уметности, во класата на светски познатиот виолинист и педагог проф: Ибрахим Мади. За време на студискиот претстој во Тирана формира повеќе џез-ансамбли со кои настапува ширум Албанија. Тогаш започнува неговиот

интерес за преработка на старата албанска музика и компонирање на театарска музика. Со стипендија на француската Влада, специјализира на Националниот музички конзерваториум „Алфред Корто“ во Париз во класата на реномираната француска виолинистка, проф. *Solange Dessange*. Ермаљ Мехмети е активен не само како виолинист на домашната и меѓународната сцена, туку и како композитор и аранжер во разни форми и сфери на музиката, каде успева да го замени звукот на електрична гитара со звукот на виолина. Добитник е на наградата за најдобра композиција во Италија во 1995 година. Делото е емитувано на RAI UNO. Добитник е на награди на фестивалите „Teens Fest“ и „Nota Fest“. Магистрира при Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје со импресивен просек од 9.78 отсек Етнологија (потесна област: Етномузикологија). Докторира во Универзитетот „Евробалкан“ во Скопје, област: Културни студии. Вработен е во Институтот за духовно и културно наследство на Албанците во Скопје.

Ермаљ Мехмети е основач на познатата, етаблирана група ДУО СКУПИ која постои од 2006 година, од тогаш со голем успех настапува на значајни фестивали, манифестации, промоции, изложби и рецитали во Македонија (Охридско лето, Есенски музички свечености, Топол културен бран, Скопско лето, Битолско лето, Салон 19/19, Нов културен бран др.), во Европа (Франција, Италија, Албанија, Црна Гора, Косово, Република Србија, Бугарија, Австрија, Белгија,Чешка, Турција, Германија и др.) и САД. ДУО СКУПИ е добитник на признанието „DISTINGUISHED MUSICIANS“ на меѓународниот натпревар во Рагуза, Италија. Во Република Северна Македонија ДУО СКУПИ е добитник на едно од најпрестижните признанија во државата: Статуетка за хумани и музички активности „Мајка Тереза“, добитник е на Признание од USAID, од Македонско-бугарската стопанска комора се добитници на „Признание за извонредност“ и Црвен крст на Р. Северна Македонија. ДУО СКУПИ е добитник на наградата „GRAND PRIX THE BEST“ доделена од ТВ 21 - Скопје.

Досега ДУО СКУПИ има издадено три музички албуми насловени: DUO SKUPI (Преработки на стари албански песни и теми), MAK SOUNDS и NEW MAK SOUNDS (Преработки на стари македонски песни, теми и ора).

## 2. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Поаѓајќи од приложените материјали можеме да констатираме дека кандидатот д-р Ермаљ Мехмети во изминатиот петгодишен период (од првиот избор во звањето научен соработник), покажал големо интересирање и афинитет за пошироката научноистражувачка дејност, достигнувајќи завидни резултати особено во подрачјето на етнологијата. Со свои реферати учествувал на девет меѓународни собири, има објавено осум трудови со оригинални научни резултати објавени во стручно/научни списанија и три објавени апстракти во зборници на

конференции. Исто така има објавено книга со наслов: Полифоното пеење кај Албанците во Преспанскиот регион, Република Северна Македонија, 2019, издадена од МАГ-АН, Скопје, која е од особено значење за одделот на Етнологија при ИДКНА, и воопшто за културното наследство на Албанците во Македонија.

## 2.1 Учество на меѓународен научен собир со реферат

- 2016: Ермаљ Мехмети, Јета Старова Мехмети, Меѓународна научна конференција „Образованието на крстопат – состојби, предизвици, решенија и перспективи“ - Битола, ноември, на тема: Предизвиците на инструменталното музичко образование меѓу традицијата модернитетот во Република Македонија (врз искуство од виолината и флејтата).
- 2016: Ермаљ Мехмети, говор за делото на Лоренц Антони, по повод 25 годишнина од смртта на Лоренц Антони и промоција на неговата поштенска марка, настан организиран од ИДКНА, Скопје.
- 2017: Ermal Mehmeti, Jeta Starova Mehmeti, 16th International Scientfic Conference Mate Demarin Days ”Socio Humanistic education guideliness”/ труд на тема: Musical and Instrumental Education in Tradition and in Present Days-on examples of violin and flute“, Пула, Хрватска.
- 2017: Ермаљ Мехмети, Јета Старова Мехмети, 12th International Balkan Education and Science Congress, на тема: Aspects of the Instrumental Music Education and Culture in the European Integration (Violin and Flute Examples), Несебар, Бугарија.
- 2018: Ермаљ Мехмети, Јета Старова Мехмети, Научна конференција, Празниците на народниот календар – Ѓурѓовден, тема: Festa e Shën Gjergjit te shqiptarët si simbol tolerance, организирана од ИДКНА во соработка со Општина Тетово, место: амфитеатар на ОУ „7 Март“, Тетово.
- 2018: Ермаљ Мехмети, Јета Старова Мехмети, Шеста Меѓународна конференција на Факултетот за Образовни Науки, тема: Современото воспитание и образование во мондијализацијата – предизвици, перспективи (- во трансмисијата на културата и музичката уметност-), Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.
- 2019: Ермаљ Мехмети, Јета Старова Мехмети, 18$^{th}$ International Scientific Conference Mate Demarin days, theme: Music among the educational and artistic imperatives, Пула, Хрватска.
- 2019: Ермаљ Мехмети, Јета Старова Мехмети, Меѓународен семинар на Балканологија, на тема: „Исо, полифоното пеење - Код на албанскиот идентитет во балкански контекст“, ИДКНА, Скопје.
- 2019: Ермаљ Мехмети, Јета Старова Мехмети, 14. Меѓународен Балкански конгрес за образование и наука, тема: Програмирањето на инструменталното музичко образование и современите предизвици, Охрид.

 ISSN 2545-4846

## 2.2. Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание

- 2015: списание: „Studime Albanologjike 11", ИДКНА, наслов: *Këndimi polifonik te popujt e Ballkanit*.
- 2016: Ермаљ Мехмети, Јета Старова Мехмети, списание на Меѓународна научна конференција „Образованието на крстопат – состојби, предизвици, решенија и перспективи" - Битола, ноември, наслов: Предизвиците на инструменталното музичко образование меѓу традицијата модернитетот во Република Македонија (врз искуство од виолината и флејтатата).
- 2016: списание: „Studime Albanologjike 13", ИДКНА, наслов: *Tradita e këndimeve polifonike*.
- 2017: Ермаљ Мехмети, Јета Старова Мехмети,списание на: 16th International Scientfic Conference Mate Demarin Days "Socio Humanistic education guideliness", / труд на тема: Musical and Instrumental Education in Tradition and in Present Days-on examples of violin and flute, Pula,Croatia.
- 2017: Ермаљ Мехмети, Јета Старова Мехмети,списание на: 12th International Balkan Education and Science Congress, на тема: Aspects of the Instrumental Music Education and Culture in the European Integration (Violin and Flute Examples), Несебар,Бугарија.
- 2018: списание „SCUPI 21" наслов: „Festa e Shën Gjergjit te shqiptarët si simbol tolerance".
- 2018: списание: „Studime Albanologjike 18", ИДКНА, наслов: Përpunimi dhe Interpretimi i temave të vjetra shqiptare të grupit instrumental DUO SKUPI.
- 2018: Ермаљ Мехмети, Јета Старова Мехмети, списание на Шеста меѓународна конференција на Факултетот за образовни науки, наслов: Современото воспитание и образование во мондијализацијата – предизвици, перспективи.
  (- во трансмисијата на културата и музичката уметност-), Универзитет „Гоце Делчев", Штип.
- 2019: Ермаљ Мехмети, Јета Старова Мехмети, списание на 14. Меѓународен балкански конгрес за образование и наука, наслов: Програмирањето на инструменталното музичко образование и современите предизвици, Охрид.
- 2019: списание: „Studime Albanologjike 19", ИДКНА, наслов: *Fillimet dhe tradita e kendimit polifonik në botë*.
- 2020: во печат: Ермаљ Мехмети, Јета Старова Мехмети, списание на Меѓународниот семинар на Балканологија, на тема: „Исо, полифоното пеење - Код на албанскиот идентитет во балкански контекст", Институт за духовно и културно наследство на Албанците.

- 2020: Списание: „Studime Albanologjike 20“, ИДКНА, наслов: *Paradigma Folklorike dhe Interpretimi Instrumental (Flauta dhe violina) të këngës „BARESHA“* ( во печат).

## 2.3. Апстракти објавени во зборник на конференција

- 2016: Ермаљ Мехмети, Јета Старова Мехмети, зборник на: Меѓународната научна конференција „Образованието на крстопат – состојби, предизвици, решенија и перспективи“ - Битола, ноември, труд: Предизвиците на инструменталното музичко образование меѓу традицијата модернитетот во Република Македонија (врз искуство од виолината и флејтата).
- 2017: Ermal Mehmeti, Jeta Starova Mehmeti, зборник на: 16th International Scientfic Conference Mate Demarin Days „Socio Humanistic education guideliness“, / труд на тема: Musical and Instrumental Education in Tradition and in Present Days-on examples of violin and flute, Pula, Croatia.
- 2017: Ермаљ Мехмети, Јета Старова Мехмети, зборник на: 12th International Balkan Education and Science Congress, на тема: *Aspects of the Instrumental Music Education and Culture in the European Integration (Violin and Flute Examples)*, Несебар, Бугарија.
- 2018: Ермаљ Мехмети, Јета Старова Мехмети, зборник на: Шеста меѓународна конференција на Факултетот за образовни науки, труд: Современото воспитание и образование во мондијализацијата - предизвици, перспективи (- во трансмисијата на културата и музичката уметност-), Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.
- 2019: Ермаљ Мехмети, Јета Старова Мехмети, зборник на: 14-ти Меѓународен балкански конгрес за образование и наука, труд: Програмирањето на инструменталното музичко образование и современите предизвици, Охрид.

## 2.4. Раководител на национални научни проекти

- 2018: Раководител на проект за валоризација на Полифоното пеење кај Албанците во Кичевскиот регион, Република Северна Македонија.
- 2019: Раководител на проект за валоризација на Полифоното пеење кај Албанците во Преспанскиот регион, Република Северна Македонија.

## 3. СТРУЧНОАПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

- 2018: Член на рецензентска комисија за избор во звањето насловен научен соработник на ИДКНА - Скопје.

- 2018: Член на рецензентска комисија за избор на асистент истражувач во Одделението за етнологија, историја на уметноста и народната архитектура на ИДКНА – Скопје.

## 4. СТРУЧНОУМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ермаљ Мехмети во изминатиот петгодишен период има реализирано импозантен број концерти и настапи во Република Северна Македонија и надвор од државата, исто така го збогатил својот репертоар како композитор со нови аранжмани на стари албански и македонски песни, ора и теми. Ермаљ Мехмети компонирал музика за театар и за фестивал на детски песни.

### 4.1. Дуо Скупи

-2015: Рецитал во Прага, Чешка во историската концертна сала Vahn Deil.
-2015: Настап на проекција на документарен филм „Децата на мојот татко“, посветено на Суреја Имами, ветеран на педагошката дејност на Албанците во Република Македонија.
-2015: Настап на промоција на книга на познатиот албански писател, Мустафа Нано, КИЦ, Скопје.
-2015: Настап на доделување на наградите „Виртуози“, МНТ, Скопје.
-2015: Настап за FOCIC, „Estetika e Komunitetit“, КИЦ, Скопје.
-2015: Настап за FOCIC „Qytetërimi i Estetikës“, КИЦ, Скопје.
-2015: Концерт во Приштина, Косово, Катедрала „Мајка Тереза“.
-2015: Концерт во Конгресен центар Охрид, Македонија.
-2015: Настап во Скопје, Галерија Чифте амам.
-2015: Концерт во Педагошкиот факултет, Скопје по повод „Светскиот ден на учителот“.
-2015: Концерт во Брисел, Белгија во замокот „St. Anne“.
-2015: Рецитал во Центар за култура, Куманово, Македонија.
-2015: Рецитал во Центар за култура Гостивар, Македонија.
-2015: Рецитал во Библиотека „Shënd e Verë“ Тетово, Македонија.
-2015: Рецитал во Скопје, КИЦ, Македонија.
-2015: Настап во Хотел „Континентал“, Скопје.
-2015: Рецитал во Прешево, Србија.
-2016: Настап во КИЦ, Скопје, по повод промоција на книги на ИДКНА на 2015-та година.
-2016: Настап во Ресорт „Буши“, Скопје по повод „7 Март“ - Денот на албанскиот учител.

-2016: Настап во Католичката црква, Скопје, Македонија.
-2016: Настап по повод 20-годишнината од постоење на ТВ ФЕСТА, Куманово, Македонија.
-2016: Настап по повод роденденот на Мајка Тереза, „Даут Пашин Амам“, Скопје.
-2016: Настап во Универзитетот Евро-Балкан (клавијатура и флејта), Скопје.
-2016: Рецитал во Црквата Св. Петар, во Виена, Австрија.
-2016: Полурецитал во Домот на културата, Куманово за Фестивалот за класична музика.
-2016: Настап по повод Нова Година, во ТВ-21, Скопје.
-2016: Целовечерен концерт во Пелистер, Скопје (клавијатура и флејта).
-2017: Настап по повод „Промоција на збир на книги“, во просториите на ИДКНА на Албанците, Скопје.
-2017: Настап по повод: Движењето на Кјара Лубик, настан организиран од Католичка црква, Скопје во „Даре Џамбаз“.
-2017: Концерт, во КИЦ на Софија, Бугарија.
-2017: Настап во резиденцијата на францускиот амбасадор во Скопје.
-2017: Целовечерен концерт во „Домот на културата“, Кавадарци.
-2017: Настап по повод промоција на книги за деца со оштетен вид, проект финансиран од УСАИД, во просториите на УЕЈЛ, Скопје.
-2017: Целовечерен концерт, во „Домот на Културата“, Крушево по повод „10 Дена Крушевска Република“
-2017: Целовечерен Концерт во Сули ан, Скопје, во рамките на фестивалот „Скопско лето“.
-2017: Настап на ДУО СКУПИ во ДОМ НА АРМ, Скопје
-2017: Настап на ДУО СКУПИ, по повод промоција на книга во КИЦ, Скопје.
-2017: Целовечерен концерт по повод отворање на Нотарска канцеларија во Општина „Бутел“, Скопје (флејта и клавијатура).
-2017: Целовечерен концерт во Хотел Александар-Парк, Виница (флејта и клавијатура).
-2017: Целовечерен концерт во Домот на културата, Качаник, Косово (флејта и клавијатура).
-2017: Целовечерен концерт во Хотел „Флора“, Улцињ, Црна Гора (флејта и клавијатура).
-2018: Настап, промоција на книга, во Секретаријатот за европски прашања, Скопје.
-2018: Настап, промоција на книга во ИДКНА, Скопје.
-2018: Настап во Општина „Чаир“.
-2018: Концерт во Библиотеката „Soma Book Station“, во Приштина, Косово.
-2018: Концерт во „Hammam Jazz Bar“ во Приштина, Косово.
-2018: Настап во Даут Пашин Амам, Скопје.
-2018: Концерт во „Средното училиште Град Скопје“ во Општина Сарај, Скопје.
-2018: Концерт во ОУ„ Хасан Приштина“, во Општина Чаир, Скопје.
-2018: Настап по повод доделување на ХОНОРИС КАУЗА на нобелистот ФЕРИД МУРАТ, во КИЦ, Скопје.
-2018: Настап, по повод промоција на книга во „Александар Палас“ Скопје.

 ISSN 2545-4846

-2018: концерт во Улцињ, Црна Гора во хотел „Венеција“ (клавијатура и флејта).
-2018: концерт во Улцињ, Црна Гора во салата „Мигел де Сервантес“ (клавијатура и флејта).
-2018:Концерт - Рецитал во Струмица во Домот на културата „Антон Панов“.
-2018: Концерт - Рецитал во Кочани во Домот на културата „Бели Мугри“.
-2018: Настап, по повод промоција на книга во Изложбениот салон на КИЦ, Скопје.
-2018: Концерт - Рецитал, Нов културен бран во Библиотеката на Чаршијата, Скопје.
